МЕД
македонско еколошко друштво
Февруари 2012
ИНФОРМАТОР
Бр. 15

# IV КОНГРЕС НА ЕКОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО И ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 40 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

▶ Во октомври 2012 година, во Охрид, ќе се одржи IVот Конгрес на екологите на Македонија со меѓународно учество, во организација на Македонското еколошко друштво. Овој настан ќе ја обележи и четириесет годишнината од формирањето на друштвото. За таа цел, Програмата на Конгресот ќе вклучи пленарно предавање за развојот на екологијата и науката за животна средина во Македонија со местото и улогата на Македонското еколошко друштво. На Конгресот ќе бидат презентирани современите научни сознанија на модерната екологија и науката за животна средина. Планирани се пленарни предавања од познати научници од Македонија и други земји, кои ќе ги презентираат достигнувањата на модерната екологија. Научните трудови ќе бидат презентирани во различни тематски секции, и тоа:

1. Популации, заедници и моделирање
2. Структура и функционални карактеристики на копнени екосистеми
3. Водни екосистеми под закана (во коорганизација со Македонското лимнолошко друштво)
4. Биодиверзитет и заштитени подрачја на Балканот – можности за соработка и влијанија од економскиот развој
5. Агроеколошки и силвикултурни системи
6. Животна средина, загадување и климатски промени
7. Пределна екологија за одржлив развој
8. Урбана и хумана екологија
9. Еколошка едукација на повеќе нивоа

Секоја секција ќе почнува со воведно предавање што ќе биде избрано од пријавените трудови од страна на Научниот одбор. Учесниците на конгресот ќе можат да ги претстават своите научни достигнувања и новитети преку усни и постер презентации, или како гости, да го проследат целиот настан.

Програмата на конгресот ќе вклучува можност за организирање на придружни активности како работилници и изложби, презентации во рамките на настанот, претставувања на одделни индустриски фирми, пречестителни станици, промоција на каталози, дистрибуција на опрема и слични други активности, овозможувајќи им при тоа на фирмите поголема претставителност.

Крајниот рок за пријавување на учество на конгресот е 15 февруари 2012 година. Формуларот за пријавување со општи информации како и првото известување се објавени на веб страната на МЕД. Самото пријавување на учесниците ќе изведува по електонски пат.

Крајниот рок за поднесување на апстрактите и уплатата на котизацијата за конгресот е 31 јули 2012 година. Упатството за подготвување на апстрактите е објавено на веб страната на МЕД.

Трудовите ќе бидат рецензирани од меѓународен уредувачки одбор, а ќе бидат објавени во зборник на трудови или по желба на авторот во списанието Macedonian Journal of Ecology and Environment кое го подготвува МЕД.

congress@mes.org.mk,
arsovska@mes.org.mk

# ПРОЕКТ „ЗАШТИТА НА ПРЕДЕЛОТ ВО ПРЕСПАНСКИОТ БАСЕН„ (РЕФ. РФП 20/2011)

▶ Целта на проектот на Развојната програма на Обединетите Нации УНДП/ГЕФ "Интегрирано управување со екосистемите во басенот на Преспанското Езеро" е вклучување на цели и приоритети за управување со екосистемите во практиките и политиките на производствениот сектор. Проектот е дизајниран со цел зајакнување на капацитетите за враќање на првобитната состојба на екосистемите и идно зачувување на биодиверзитетот на локално, национално и прекугранично ниво.

Главни приоритети на проектот се конзервација на најзначајните прекугранични видови и живеалишта кои беа избрани во текот на претходната фаза на проектот од страна на Работната група за прекугранично следење и заштита (MCWG - RGMZ).




Македонското еколошко друштво во рамките на овој проект реализираше само дел од активностите кои главно се однесуваа на заштита на пределот во Преспанскиот басен. За таа цел МЕД изработи пет прекугранични акциони планови за избрани приоритетни видови и живеалишта, од кои два за зачувување на видовите планински чај и мечка и три акциони планови за зачувување на живеалишта и тоа, шуми од фоја, појасот на трската и пештерите.

Во рамките на планираните активности за подигнување на јавната свест, беа спроведени обуки на локалното население во регионот за зачувување и начините за одржливо собирање на планинскиот чај, трската и дивата фоја и зачувување на пештерите. Исто така беа одржани едукативни предавања во основните училишта во регионот кои се однесуваа на проширување на знаењата за екологијата на мечката и нејзино идно зачувување. За таа цел беше изработен и соодветен промотивен материјал.

Проектот започна во септември 2011 година и ќе заврши во февруари 2012 година.




brajanoska@mes.org.mk

# ОДБЕЛЕЖАН ЗАВРШЕТОКОТ НА РЕГИОНАЛНИОТ ПРОЕКТ „КРИЛЈА ПРЕКУ БАЛКАНОТ„



▶ Во организација на Македонското еколошко друштво, од 9 до 12 ноември 2012 година, во Штип се одржа завршната работилница на регионалниот проект "Крилја преку Балканот". Работилницата го бележа крајот на проектот и постави основа за идна соработка меѓу партнерските организации.

На оваа работилница учествуваа претставници од партнерските организации од Србија - **Лига за орнитолошка акција** и **Друштво за заштита и проучување на птиците во Србија,** Црна Гора - **Центар за заштита и проучување на птиците**, Хратвска - **БИОМ и Хрватското орнитолошко друштво**, Босна и Херцеговина - **Наши птици** и Словенија - **Друштво за заштита, проучување и прстенување на птиците во Словенија**. Покрај учесниците од регионот, присуствуваа и предавачите:

Др. Хејзел Томпсон од BirdLife International и Др. Мартин Шнајдер-Jakobi од EuroNatur, Германија.

На работилницата беа презентирани постигнатите резултати од проектните активности на секоја партнерска организација и се изведе проценка на капацитетите на организациите во насока на подобрено познавање и истраженост на значајните подрачја за птици во регионот и подобрена заштита на птиците преку прогласување на значајни подрачја за птици како заштитени подрачја.

Покрај тоа, претставниците од - BirdLife International и EuroNatur одржаа сесии со дискусија на тема продолжување на соработката на организациите од регионот. Конкретно, идејата за понатамошна соработка резултираше со подготовка на иден документ за проектниот концепт на BirdLife International со фондацијата MAVA со тема *Зачувување на преселните патишта за птици во регионот на Балканот, Северна Африка и Блискиот Исток* во која секоја организација даде свој придонес.

Дополнително, партнерските организации од регионот потпишаа меморандум за разбирање и соработка со кој се обврзуваат на понатамошна соработка во насока на заштита на птиците и нивните живеалишта и по завршување на проектот.

Работилницата беше финансиски поддржана од Европската Комисија и фондацијата EuroNatur.

uzunova@mes.org.mk






## РАБОТИЛНИЦА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА МАЛИ ГРАНТОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ИЛИНСКА И ПЛАКЕНСКА ПЛАНИНА

▶ Во ноември 2011 година, во средното училиште "Крсте П. Мисирков" во Демир Хисар беше одржана еднодневна работилница за Програмата за мали грантови на подрачјето на Илинска и Плакенска Планина. Работилницата беше организирана во рамките на проектот "Програма за закрепнување на балканскиот рис 2 – компонента заштитено подрачје Илинска - Плакенска Планина".

На работилницата учествуваа дваесетина претставници од локалната самоуправа, месните заедници, училиштата и невладините организации од општините Демир Хисар и Другово. За време на работилницата, претставници од МЕД го презентираа проектот и проектните активности, со посебен акцент на идејата за стимулирање на локалното население од подрачјето на Илинска и Плакенска Планина за активно вклучување во заштита на природата преку доделување на мали грантови. Детално беа презентирани критериумите и роковите за аплицирање, легитимните субјекти кои може да аплицираат, начинот на пополнување на апликацијата, како и дел од искуствата од претходните програми спроведени на Јабланица и Осоговските Планини.

stojanov@mes.org.mk

# ГРАНТОВИ - МАЛИ ПРОЕКТИ ШАР ПЛАНИНА

▶ Проектот "Промоција на природните вредности на Шар Планина преку едукација за животната средина и инволвирање на засегнатите страни", е финансиран од страна на Германската фондација ДБУ (Deutche Bundesstiftung Umwelt). Започна на 1 јули 2011 година и е со времетраење од 2 години. Главната цел на проектот е зачувување на природните вредности на Шар Планина преку едукација за животната средина со директно вклучување на засегнатите страни од регионот: локалното население, месните заедници во регионот на Шар Планина, НВО и општините Јегуновце, Теарце, Тетово, Боговиње, Врапчиште и Гостивар. Активностите во овој проект се насочени пред сé кон идентификација на сите засегнати страни и нивно вклучување во програма за доделување мали грантови како алатка за локален одржлив развој. Малите грантови се состојат од можност за аплицирање на засегнатите страни на проекти со ограничени финансиски средства. На тој начин, населението директно ќе има корист од финансиските средства со што и ќе се промовира можноста за алтернативни начини на приход и ќе биде во можност да помогне во промоција и едукација на природните вредности на Шар Планина.



Како предуслов на малите проекти, во рамките на проектот, беше одржан јавен форум и едукативна екскурзија. На јавните форуми кои се одржаа во Тетово и Гостивар (октомври 2011 година), засегнатите страни беа запознаени со проектот и со можноста за аплицирање на мали проекти. По јавните форуми следеше едукативна екскурзија на претставници од шесте целни општини. Едукативната екскурзија е одличен начин засегнатите страни да се запознаат со примери на добри практики и одржлив рурален туризам. Во исто време, екскурзијата придонесе кон формирање на тимот и воспоставување мрежа од засегнати страни низ цел регион. Екскурзијата беше организирана на Стара Планина од бугарска и српска страна како пример за одлична прекугранична соработка во делот за заштитени подрачја. Прво посетено место беше селото Чипровци каде учесниците престојуваа во куќата во етно стил „Кај Торлаците". Името доаѓа од дијалектолошката група Торлаци што живее во реонот на Стара Планина. Семејната куќа веќе неколку години претставува ноќевалиште со ресторан во кој се служи традиционална храна. Местото е познато и по изработката на килими кои се изработуваат рачно на разбои, а во боењето на волната се користат традиционалните методи со варење листови од ореви и костени. Екскурзијата продолжи во градчето Белоградчик каде беше посетена тврдината од римско време, но со белези на секој кој подоцна владеел со таа територија. Од тврдината можат да се забележат огромниот број карпести предели на Стара Планина, кои со текот на времето формирале разни човечки и животински ликови и предмети. Карактеристика на регионот околу Белоградчик се камените фигури, слични на оние во Кратовско. Во селото Фалкоец, учесниците го посетија ноќевалиштето Мадона. Сопствениците имаат ресторан



во етно-стил, соби за спиење, како и фарма на која се одгледуваат овошје, зеленчук, добиток и се друго што потоа се користи за потребите на ноќевалиштето. Сами обезбедуваат струја за топлење на водата, со соларни цевки кои акумулираат енергија. Екскурзијата продолжи во Србија, во близина на Димитровград. Во подножјето на Стара Планина се наоѓа фарма со стари, автохтони домашни раси на животни.

Екскурзијата придонесе луѓето од општините на Шар Планина подобро да се запознаат со алтернативните форми на туризам како и со одржливото користење на природните ресурси.

Оваа тура беше предуслов за отпочнување со процесот за мали грантови кој ќе заврши до крајот на 2011 година.

melovskid@mes.org.mk

DBU Deutsche Bundesstiftung Umwelt

euroNATUR

# ВО РАМКИТЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЕВРОПСКИ ЗЕЛЕН ПОЈАС

**Во Улцињ се одржа третата регионална средба за Балканот**

▶ Околу 60 учесници од сите Балкански земји, претставници на владини институции и невладин сектор, како и презентери од Германија (Федералната агенција за заштита на придодата), Австрија (Национален парк „Езеро Нојзедлер") и Латвија (Агенција за заштита на природата), се собраа од 16ти до 19ти ноември во Улцињ, Црна Гора, за да ги пренесат досегашните искуства од работата по иницијативата „Европски зелен појас" и да ги споделат искуствата од реализација на различни проекти. Од Македонија учествуваа двајца претставници на Македонското еколошко друштво и еден претставник на здружението „Фронт 21/42". По откажувањето на ИУЦН од координаторската улога за целата иницијатива, акцент на состанокот беше ставен на претстојното преструктурирање на организациската поставеност и координација, и беа разгледувани можностите за понатамошно промовирање и засилување на иницијативата преку развој на национални или регионални проекти.

Во рамките на состанокот беа организирани две екскурзии (на реката Бојана и на соланата во Улцињ), на кои учесниците беа сведоци на поголем број проблеми со кои се соочуваат овие две многу значајни подрачја за биолошката разновидност, но можеа и да уживаат во глетката на 80 розеви фламинга, гости на соланата.

Состанокот се реализираше организација на EuroNatur.

**contact@mes.org.mk**

# ПРВ ТРИЛАТЕРАЛЕН СОСТАНОК НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ во врска со предложеното прекугранично заштитено подрачје „Шар Планина - Кораб - Дешат"

▶ Во периодот од 21ви до 22ри ноември, 2011 година беше одржана трилатерална средба по повод иницијативата поттикната од UNEP за прекугранична соработка за планинските заштитени подрачја во Југоисточна Европа. Оваа средба беше продолжение на вториот подрегионален состанок организиран од UNEP во јуни 2009 година, како одговор во одговор на барањата на учесниците за олеснување на трилатералните консултации меѓу заинтересираните страни во врска со заедничките приоритети за прекугранична соработка во регионот на Шар Планина - Кораб - Дешат.

UNEP во соработка со Македонското еколошко друштво, беше организатор на овој состанок кој се одржа во хотелот Славија, Попова Шапка. Претставници од министерства, научни установи, локални заедници, невладини организации и градоначалници од Македонија, Албанија, Косово и Црна Гора земаа учество на состанокот. Како силни подржувачи на иницијативата присутни беа и претставници од германската организација EuroNatur и се разбира, UNEP.

Од големо значење конкретно за оваа средба а и за понатамошниот развој на настаните во врска со иницијативата за прекугранична соработка беше обраќањето на Министерот за животна средина на Р. Македонија, г-нот Абдулаќим Адеми. Тој одржа говор на вториот ден од состанокот преку кој ја изрази заинтересираноста на македонската страна за интензивирање на прекугранична соработка во регионот Шар Планина - Кораб - Дешат. Некои од поважните заклучоци, резултати и предлози за идни активности произлезени од дводневната средба:

- Да се обрати поголемо внимание на ИПА прекуграничните фондови;
- Да се формира работна група со претставници од трите засегнати земји во регионот Шар Планина - Кораб - Дешат која редовно ќе ги следи повците за аплицирање за проекти;
- Да се потпише трилатерален договор за соработка;
- Ваквите трилатерални средби да се организираат почесто и т.н.



**melovskid@mes.org.mk**

Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

▶ Изградбата на хидроцентралите Бошков Мост и Луково Поле според сегашните планови сериозно ќе го загрозат опстанокот на голем број загрозени видови растенија, птици и цицачи меѓу кои и националниот симбол, балканскиот рис во Националниот парк “Маврово”.
МЕД и неколку еколошки невладини организации реагираа во јавноста дека Студијата за валоризација на заштитено подрачје “Маврово” изработена од Oxfam Italia, во соработка со Јавната Установа Национален парк “Маврово”, општина Маврово-Ростуше и Министерството за животна средина на РМ, во делови од националниот парк без објаснување е намалена заштитата од зона за строга заштита (највисок степен на заштита) во зона за одржливо искористување (најнизок степен на заштита).
Според МЕД тоа е спротивно на целите за заштита на природата и приоритетните видови заради кои е воспоставен националниот парк, а оди во прилог на плановите за искористување на водниот потенцијал на целото подрачје, односно на ЕЛЕМ.

**...Реакции во јавноста за можните последици од изградбата на хидроцентралите Луково Поле и Бошков Мост во Националниот парк “Маврово” од неколку еколошки организации!**

# МЕД АКТИВНО ВКЛУЧЕНО ВО АКТИВНОСТИТЕ НА РАБОТНАТА ГРУПА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА ЈАВНОСТА ВО НОСЕЊЕ ОДЛУКИ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

ова е нашиот ГЛАС!

„При изготвување на студијата се игнорирани повеќе експертски извештаи кои предлагаат поголеми заштитени зони во паркот од оние прикажани во самата студија. Визуелното нарушување на недопрените предели на Шар Планина и Кораб ќе биде огромно. Загрижени сме и за понатамошното одведување на водите од сливот на реката Радика во сливот на реката Вардар, како и за постојното непочитување на биолошкиот минимум кај веќе зафатените водотеци” смета работната група составена од организациите „Македонско еколошко друштво”, “Фронт 21/42”, “Македонски зелен центар”, “Екоскоп”, “Еко-свест” и “Целор”.
Реакцијата на работната група беше објавена од десетина медиуми и потегна низа прашања во јавноста во однос на почитувањето на одредени процедури пред спроведување на овие хидро проекти.
Инаку во ноември 2011 година во Лондон, претставници на организациајта “Еко-свест” се сретнаа со Бордот на директори на банката финансиер на проектот “Бошков Мост” ЕБОР. На средбата беше дискутирано за доставената жалба при механизмот за поплаки од проекти, односно за последиците што може да ги предизвика изградбата на хидроцентралата “Бошков Мост” во однос на критично загрозениот Балкански рис.
Претставниците на “Еко-свест” добија уверување од Бордот на директори на ЕБОР дека биомониторингот на теренот ќе се спроведе во текот на 2012 година, и дека пред завршување на овој период не треба да се отпочне со работа на терен, иако ова не соодејствува со најавите од ЕЛЕМ дека теренските работи за “Бошков Мост” ќе отпочнат во март 2012 година.
Исто така работната група побара претставник од невладиниот сектор во тимот за биомониторинг на подрачјето, како и да нема транствер на средства до спроведувачот на проектот во Македонија ЕЛЕМ, сé додека не се дознаат резултатите од биомониторингот.
Покрај редовното учество на работната група за учество во јавноста на сите јавни расправи организирани од НП “Маврово” и Oksfam - Italija, работната група својата загриженост досега ја изрази и до своите партнери и меѓународните организации кои работат на полето на заштита на животната средина, од кадешто доби безрезервна поддршка. Влијанието на меѓународните организации претставува дополнителен притисок врз банките - финансиери на двата проекти во НП “Маврово”, врз ЕЛЕМ, Националниот парк "Маврово", Oksfam – Italija, како и Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

pandurska@mes.org.mk







# КАМПАЊА ПРОЛЕТТА ДОАЃА - SPRING ALIVE!

▶ Минатиот месец во Прага се одржа работилницата за кампањата Пролетта Доаѓа!

Оваа работилница ги собра на едно место најактивните координатори од Европа кои заеднички ги разгледуваа новините во водењето кампањи за едукација, насоките во кои кампањата се развива во различни земји и најдобрите совети и искуства.

Сите координатори презентираа свои искуства на различни теми. Координаторот од МЕД, Ксенија Путилин, ги презентираше искуствата за користење на социјални медиуми (Фејсбук) за промовирање на кампањи бидејќи МЕД е првата организација која има искуство на оваа тема.

Додека траат подготовките за новата сезона на Пролетта Доаѓа посетувајте ја страната на Фејсбук за совети за на птиците. **(www.facebook.com/SpringAliveMK)**

**ksenipu@yahoo.com**

# ЕДУКАТИВНА ЕКСКУРЗИЈА - МОСКОПОЛЕ, АЛБАНИЈА, 07.10.2011

▶ Оваа едукативна екскурзија која е втора по ред и заедничка за чинителите од Македонија и Албанија, беше организирана како една од активностите на втората фаза од проектот „Програма за закрепнување на балканскиот рис". Целта на екскурзијата беше средба помеѓу различни чинители, размена на искуства за најдобрите практики на управување на природните ресурси и воспоставување на контакти за понатамошна соработка во правец на заштита на средината и одржлив развој. Првата ваква екскурзија беше организирана во 2009 година во рамките на првата фаза од истиот проект (БЛРП) во Вевчани на планината Јабланица, каде локалните чинители од јабланичкиот регион им беа домаќини на нивните колеги од Албанија.

Москополе денес е туристичка населба, каде е забележително враќањето на луѓето во населбата (која до скоро безмалку целосно иселена) и започнување на локални семејни бизниси. Областа изобилува со природни и културни богатства па затоа и беше избрана како локација за екскурзијата.

Главниот состанок се одржа во просториите на општината на покана на градоначалникот г-дин Неџип Базели, а потоа следуваше свечен ручек и прошетка до Академијата во Москополе и локалната парк шума.



Учесниците на екскурзијата покрај тоа што имаа прилика да разговараат за актуелната состојба во регионот и потенцијалите од прекуграничната соработка, имаа прилика и да уживаат во прекрасната архитектура, старите цркви и споменици и задоволни се разделија од колегите со ветување за одржување на контактите и поттикнување на прекуграничната соработка во заштитата на природното и културно наследство и одржливиот развој.

**ivanov@mes.org.mk**

# ЗМИСКИ ХОЛИВУД! ЗАРЕМ ПОСТОИ И ВАКВО НЕШТО??

▶ Можеби ќе ви изгледа чудно ама одоговрот на ова прашање е да!!
На островот Голем Град или како што популарно е наречен Змискиот остров на иницијатива на Македонското еколошко друштво, Српското херпетолошко друштво, Националниот институт за биолошки истражувања на Франција и Националниот парк „Галичица", во последните четри години се работеше на медиумско преставување на уникатниот биодиверзитет на островот. Целта на акцијата беше да се подигне свеста кај посетителите на локално и меѓународно ниво во правец на зачувување на ова наше богатство преку преставување на работата на интернационалниот херпетолошки тим.


GRAND ANGLE

Terre des reptiles

За овој наш змиски холивуд интерес покажаа повеќе продуцентски и медиски куќи од Македонија, Србија, Франција и Германија како и преставници на печатените медиуми. Како резултат беа снимени три документарни филмови („Путеви змија", „Terre des Reptiles" и „Im Herzen des Balkans"). Исто така, островот се најде на две страници во Францускиот дневен весник „Liberation" каде имаше детална репортажа за сцената која се вика Голем Град со главните актери поскоците и рибарките. Покрај преставувањето на овие филмови во земјите од Европа, тие се ставени и на интернет каде веќе се достапни и до цел свет!

sterijovski@mes.org.mk

# ВТОР БИОГЕОГРАФСКИ СЕМИНАР ЗА ЕМЕРАЛД ПОДРАЧЈАТА ЗА БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ

▶ Во ноември 2011 година, во Бар, Црна Гора, се одржа Вториот биогеографски семинар за Емералд подрачјата за шесте држави од Западен Балкан, во организација на Бернската конвенција и Европскиот топик центар за биодиверзитет од Париз. Семинарот беше организиран по принципот на биогеографските семинари кои се организираат за подрачјата од Натура 2000, за земјите членки на ЕУ.
На семинарот беше дискутирано за достаточната репрезентативност на видовите и живеалиштата во предложените Емералд подрачја. Дискусијата се водеше за секој вид и живеалиште одделно, во сите Балкански земји и за секој биогеографски регион (алпски, континентален, медитерански и панонски). Во текот на семинарот присутните експерти изработија вкупно 3265 проценки за предложените видови растенија, животни и живеалишта, и тоа:
- вкупно 985 проценки беа спроведени, за 81 тип живеалиште, од кои само за 26 претежно шумски живеалишта, истите беа комплетно завршени,
- за 'рбетниците, беше направена проценка на сите предложени видови риби (39 видови, 514 проценки), водоземци и влекачи (19 видови, 288 проценки), цицачи (24 видови, 359 проценки). За сите предложени видови птици (со исклучок на видовите клукајдрвци и врапчовидни видови) беше направена проценка (88 видови, 539 проценки),
- за без'рбетните животни беше извршена проценка само за пеперутките и тоа на 8 видови (121 проценка), додека за 17 видови не беше завршена проценката,
- за предложените видови растенија проценка беше спроведена на 31 вид или вкупно 459 проценки.
Следните чекори кои треба да се преземат на национално ниво вклучуваат ревидирање на Емералд базата на податоци, прибирање дополнителни научни податоци за Емералд видовите и живеалиштата, предлагање на нови Емералд подрачја, како и завршување на проценката за оние видови и живеалишта кои не беа дискутирани во текот на семинарот. За тоа е неопходно да се формираат тимови на национално ниво кои координирано ќе работат на реализирање на овие задачи.
Следната вакква средба се очекува да биде организирана во 2014 година. Овој процес на ревидирање на Емералд мрежата претставува добра подлога за имплементација на Натура 2000 во земјите од Западен Балкан кои се подготвуваат за членство во ЕУ.
Повеќе информации во врска со семинарот можете да погледнете на следната веб страна:

http://bd.eionet.europa.eu/file_exchange/Emerald_Nov2011_meeting